Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 42, став 5 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 45-та седница одржана на 30.11.2015 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Одлуката бр.02-180/1 од 12.02.2010 година за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација**

1. Во Одлуката бр.02-180/1 од 12.02.2010 година за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација на Македонска берза АД Скопје (во понатамошниот текст: Одлука за критериумите за распоредување), во точка 2, алинеја 3, бројот „1.000.000" се заменува со бројот „500.000".

2. Во Одлуката за критериумите за распоредување, во точка 2, алинеја 4, бројот „3.000.000" се заменува со бројот „1.500.000".

3. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките на Берзата и за истата да се информира јавноста.

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а се применува од првото следно утврдување на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација се базира на историски податоци од тргувањето (во изминатото тримесечие) врз основа на кои се утврдува кои хартии од вредност ќе се тргуваат во режим на континуирано тргување, а кои во режим на аукциско тргување.

Имајќи го предвид намалениот обем на тргување на Берзата и во текот на 2015 година, во режим на континуирано тргување се тргуваат сé помал број на хартии од вредност, а тргнувајќи од моменталните состојби на пазарот, односно динамиката и актуелните обеми на тргување, тој број дополнително би се намалил при следната редовна ревизија на распоредите на хартиите од вредност по режими на тргување.

Со оглед на тоа што дополнителното намалување на вредностите на дел од критериумите за распоред на хартиите од вредност во одделните режими би влијаело на зголемување на бројот на хартии од вредност кои се тргуваат во режим на континуирано тргување во моменталниот пазарен амбиент, што би можело да има директни импликации врз динамиката на тргувањето и зголемување на ликвидноста на пазарот, Одборот на директори одлучи да ги намали критериумите за вкупната вредност на склучените трансакции со определена хартија од вредност на 500.000 денари и на вкупната вредност на нововнесените налози од најмалку 1.500.000 денари во период од последните 3 месеци.

Врз основа на горенаведеното, Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје одлучи како во диспозитивот.

**Одбор на директори**

**Претседавач**

**Лидија Трајковиќ**